**просветно дело**

Скопје, септември-октомври 2004 год.
Година LVII Бр. 4

ISSN 0350-6711

**Издава:** ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ, УЧИЛИШНИТЕ И ДОМСКИТЕ ПЕДАГОЗИ И ПРЕТПРИЈАТИЕТО „ПРОСВЕТНО ДЕЛО“

Редакција
**д-р Никола Петров, м-р Павле Петров, Кирил Ристевски и Ѓорѓи Илиевски**

Главен уредник
**д-р Никола Петров**

Секретар на Редакцијата
**проф. Ѓорѓи Зимбаков**

Лектор и коректор
**проф. Ѓорѓи Зимбаков**

Технички уредник
**Новко Груевски**

## СОДРЖИНА

**Д-р Никола Петров:** Отворената градинка и училиште, основа за интеракциско осознавање и учење ..... 3

**Д-р Ѓузепе Милан:** Интеркултуралната педагогија денес ..... 12

**Ана Лиза Гаспарин:** Постулатите на современото воспитание и образование ..... 17

**Д-р Божна Гаговска:** Управната власт во Република Македонија ..... 22

УЧИЛИШНА ПЕДАГОГИЈА

**Д-р Азис Шеху:** Хуманизација на односите како парадигма на осовременување на наставата ..... 28

**Д-р Никола В. Димитров:** Реализација на воспитно-образовната работа во непосредната природна околина ..... 35

ИСТОРИЈА НА ШКОЛСТВОТО И ПЕДАГОШКИ ИДЕИ

**Игор Михајловски:** Педагошките идеи на Жан Жак Русо во функција на футуролошките истражувања во педагогијата ..... 52

ДИДАКТИКА

**Р. Прангоски; М. Спасески и П. Андоноски:** Интегрирање на наставните содржини преку тимска настава ..... 58

**Маријонка Давчева:** Оценувањето во наставата ..... 72

ЕКОЛОГИЈА

**Д-р. Миле Србиновски:** Што е еколошка едукација ..... 79

ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ПРАКТИКА ОД ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ

**Д-р Владимир Михајловски:** Воспитно-образовната активност по култура на говорот ..... 85

ПРИКАЗ

**Д-р. Никола Петров:** Од грижа за околината до одржување на развојот ..... 95

Редакција Ул. Димитрие Чуповски 15 Скопје
Ракописите не се враќаат

просветно дело

ͺминување на досегашните појавни слабости кои произлегуваат од ͺивидуалниот пристап како на наставниците така и на учениците.


**РЕЗИМЕ**

При третирањето на хуманите односи во развојот на едно училиште или ͺучилишна установа како активни целини со системско функционирање, треба ͺе земат во предвид многу фактори кои директно или индиректно влијаат на ͺтата и активностите во современото образование и воспитување. Но сепак ͺрално место во сите тие активности завзема факторот наставник како ͺизатор на процесот и детето и ученикот како консумент и субјект на воспитно ͺазовниот процес, не сакајќи притоа да се намалат улогата на средината и ͺста, на институциите на системот, родителите, на водството и организацијата ͺилиштата и градинките, експертите на образование и други внатрешни и ͺорешни фактори. Додека, од друга страна, планирањето на наставата, во ͺедба со сите други воспитно-образовни активности, завзема централно место ͺсочувањето и во реализирањето на процесот на учењето. Затоа, залагањето ͺспоставување и осмислување на хумани односи уште во самиот почеток на ͺирање на наставата е заложба што го третиравме во овој труд.


**ЛИТЕРАТУРА**


1. Адижес, И. (1998). Овладување со промените, Детра Центар, Скопје.
2. Argirys, S. (1985). Strategy, Change and Defensive routines, Pitman, Boston.
3. Bair, M., Woodward, G.R. (1964). Team Teaching in Action, Boston.
4. Богнар, Л., Метијевиќ, М. (1993). Дидактика, Школска књига, Загреб.
5. Брајша, П. (1993) Педагошка комуникација, Школске новине, Загреб.
6. Cacciarri, M. Dialogo ala solidarieta, Mkromega.
7. Glassen, W. (1994). Хумана школа, Едуца, Загреб.
8. * * * (1994). Истраживање у педагогију и андрагоју, Институт за педагогију ͺрагогију, Филозофски факултет, Београд.
9. * * * (2003). Хуманистички приступ и заједништво у одгоју, Зборник радова, ͺевци,Хрватска.


[1] За овие проекти поопширно види во трудот "Нови педагошки правци" стр. 171 ͺен во зборникот: "Современото предучилишно воспитание и основно образование - ͺјба и перспективи" на П.Ф. "Св. Климент Охридски", Скопје, 2003




Д-р Никола В. ДИМИТРОВ[1]


# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО НЕПОСРЕДНАТА ПРИРОДНА ОКЛИНА

## ВОВЕД

Земајќи ја предвид моменталната состојба во селските основни училишта од ридските и планинските подрачја на битолскиот, преспанскиот и демирхисарскиот простор кои се соочуваат со повеќе проблеми - малиот број на ученици, руинираните училници, слабата материјално-техничка опременост и слично, тешко може да се најде начин истите да го оправдаат своето понатамошно опстојување и работа како правни субјекти. Денес овие основни училишта длабоко се навлезени во фазата на безперспективност и на истите повеќе им прети нивно затворање или интегрирање со градски училишта.

Текстот што го нудиме дава нови идеи за искористување на условите и можностите што ги имаат третираните рурални училишта[2] и околините на населбите, да покрај редовното одвивање на воспитно-образовна настава на училишта од градот им понудат и други услуги во форма на реализирање на еднодневна или повеќедневна перцептивна настава со посета на објектите

[1] Вработен во Бирото за развој на образованието во Република Македонија - Подрачна единица - Битола, како советник за следење и стручна поддршка на воспитно-образовниот кадар.

[2] Стручниот труд третира само одредени селски основни училишта од просторот на Битола, Демир Хисар и Ресен кои поради малиот број ученици, но и поради свои специфики ќе мораат покрај редовниот процес на воспитно-образовна работа да понудат и реализираат збогатени и нови содржини и форми, преку кои ќе се овозможи понатрамошно нивно егзистирање како правни субјекти, а не како подрачни училишта на "поголемите" градски основни училишта. Во текстот разработуваме само неколку елементи како можност за поинаков пристап кон "пакетот за реорганизација на училиштата со помалку од 10 паралелки". Имено, разработуваме специфични предлози и посебен третман на четирите основни училишта: ОУ"Трајан Белев" - Цапари, ОУ"Мирче Ацев" - Бач, ОУ"Даме Груев" - Смилево и ОУ"Димитар Влахов" - Љубојно. Во текстот поопширно место му даваме на ОУ"Трајан Белев" - Цапари, бидејќи истото има поповолни услови за стартување од наредната учебна 2004/2005 година и тоа на првата варијанта од предлогот експониран во Елаборат доставен до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на образованието во Република Македонија.

непосредната и природната средина. Имено, правиме обид да ***промовираме*** ***...и за реализирање на различни форми и содржини преку кои ќе се ...едуваат разни видови воспитно-образовна работа од типот на ...лишта за настава во природа.***

Наша замисла е да укажеме на можностите на оддредени рурални ...лишта каде покрај редовно одвивање настава во училиштето имаат ...кности да понудат и друга форма на воспитно-образовна настава. Односно ...онудат услови и можности ученици од градска средина да реализираат ...одневна настава во училиште имплементирана во два дела: еден вид ...бинирана настава во училница и настава со посета на објекти од ...осредната и природната средина на населбата и просторот во целина. Во ...атамошниот текст изнесуваме поширока елаборација на овој вид настава ...ку примерот на ОУ "Трајан Белев" - Цапари.

Текстот дава нови идеи за трансформирање на неколку рурални ...пишта во училишта со специфични цели и задачи кои покрај редовната ...итно-образовна работа за сопствените ученици, би давале и дополнителни ...ови воспитно-образовни услуги на ученици од градските средини. ...ертоарот на специфични воспитно-образовни услуги би биле од сверата ***...риспособени училишта за перцептивна настава во природа, од типот ...училишта за талентирани ученици, училишта за ученици со посебни ...еби, училишта за учење, одмор и рекреација, училишта детски камп, ...пиште за учење и практицирање на земјоделски активности, ...ивности од селскиот екотуризам итн.***

На ваков начин наведените типови рурална училишта лоцирани во ...нтични, општествени, природни и еколошки чисти средини би го оправдале ...то понатамошно опстојување како правни субјекти. До колку би се случило ...о затварање или интегрирање-припојување кон градски училишта, тоа ...редизвикало интензивирање на миграција село-град, иселување на ...уктивниот дел од населението во наведените села, но и на селата од ...рокиот простор кои гравитираат кон наведените основни училишта.

Трудот што го презентираме дава иницијативи за размислување и ...ност за изработка на посебни елаборати специфични за наведените ...ишта, но и пошироко за други слични училишта во Р.Македонија. Во ...екст на ова, е веќе изработениот елаборат за основното училиште "Трајан ...ев" од село Цапари кој е доставен до соодветни државни структури, ...сно до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на ...зованието на Р.Македонија. Според тоа, во стручниов труд посветуваме ...опширни делови од елаботатот на ОУ "Трајан Белев" - Цапари, насловен ...: ***"Елаборат за условите и можностите ОУ "Трајан Белев" од с. Цапари ...ализирање на еднодневна настава во училиште со посета на објекти ...епосредната околина, наменет за ученици од ИИИ и ИВ одделение ...адска средина".***

Преку понудениот текст и примерот на основното училиште во Цапари ...дагошката јавност и се пласираат информации за условите и можностите ...илиштето и околината на Цапари за збогатено реализирање на воспитно-образовната дејност која би се надополнила со перцептивно искористување на објектите од непосредната околина и природната средина, за реализирање на разновидни воспитно-образовно-рекреативни активности на учениците. Преку трудот се настојува училиштето да го унапредува и рационално да го користи училишниот простор, да ги користи наставните средства и кадровскиот потенција (вработените лица во администрација, воспитно-образовен кадар и помошно-техничките работници) како би се создале дополнителни работни ангажмани и услови за продолжување и збогатување со нови содржини на воспитно-образовната работа во ОУ "Трајан Белев" - Цапари како правен субјект.

Овој концепт за ова училиште, и сличните за него училишта, нуди нови идеи за одржување на живот на малите рурални училиштета, барем за одредено време, додека не се изнајдат нови адекватни и збогатени воспитно-образовни форми, методи и содржини, како и методи директно иницирани од државата за популациско зајакнување на руралните простори, а од тука и за интегрално ревитализирање на животот во македонското село.

Во текстот покрај теоретскиот дел се презентирани и примери на практична имплементација на концепт кој го именуваме како: ***Модел на отворени рурални училишта за реализирање на разни видови воспитно-образовна настава со користење на објекти од непосредната и природната средина.***

## 1. Можности за трансформација на некои селски основни училишта за реализирање на други видови воспитно-образовна настава

Погоре наведените основни училишта: ОУ"Трајан Белев" - Цапари, ОУ"Мирче Ацев" - Бач, ОУ"Даме Груев" - Смилево и ОУ"Димитар Влахов" - Љубојно, имаат свои специфичности во кои покрај редовното одвивање на воспитно-образовниот процес можат да се трансформираат и во училишта кои ќе реализираат и други видови воспитно-образовна дејност. Овие училишта со нивно трансформирање и збогатување на воспитно-образовниот процес со нови содржини би задоволиле еден или повеќе услови од понудената листа на типови училишта во природа:

- *училиште во природа за перцептивна настава,*
- *училиште во природа за талентирани ученици,*
- *училиште во природа за ученици со посебни потреби,*
- *училиште во природа за учење, одмор и рекреација,*
- *училиште во природа за учење и практицирање на земјоделски активности и активности од екотуризмот,*
- *училиште детски камп во природа, итн.*

Познавајќи го добро теренот и земјаќи ги во предвид следниве параметри: бројот на ученици, состојбата со условите, опременоста,

торните, материјално-техничките услови, поволните природно-географски муникациски услови, како и бројот на наставниот и административно-ичкиот кадар, ОУ"Трајан Белев" - Цапари ги исполнува сите услови и ности да покрај непреченото реализирање на редовната воспитно-зовна работа на учениците од Цапарскиот простор, да понуди и друг вид зовни услуги од типот на погореизнесените типови училишта во природа.

Меѓутоа, тоа не е сè, ова училиште покрај редовната настава ќе се и и за негување на историските, етничките, културните и фолклорните иции на селата од Цапарско Поле, како и за едуцирање на учениците и лението за развој на селскиот екотуризам за кој има одлични услови. лнителните воспитно-образовни задачи создаваат адекватни услуги за изирање на воспитно-образовна работа и на други корисници, односно ученици. Имено, ова основно училиште лесно може да се трансформира ип на училиште кое ќе дава специфични и посебни воспитно-образовни и на заинтересираните консументи, како што се реализирање на програми **рцептивна настава во природа, настава за талентирани ученици, ва за ученици со посебни потреби, или настава за учење преку одмор реација, училиште детски камп во природа, училиште за учење и тицирање на земјоделски активности и активности од екотуризмот,**

Меѓутоа, земајќи ја во предвид моменталната финансиска состојба, лагаме развојот на ОУ "Трајан Белев" во Цапари да се одвива во три и тоа:

- **Прва Фаза**: *Училиште за* паралелено реализирање на *редовна настава* ениците од Цапарскиот простор од I до VIII одделение, но *и училиште за* зирање на *еднодневна перцептивна настава* со едно-две одделенија со ци од III и IV одделение од градска средина, кои покрај реализрање на ни часови ќе извршат и посета на објекти од непосредната околина. ид настава може да започне со реализација веќе од следната учебна 2005 година. (Во понатамошниот текст од трудот подетално ја оираме првата фаза);

- ***Втора фаза***: *Училиште за редовна настава* на учениците од скиот простор од I до VIII одделение, но паралелно *и како училиште* *і камп за повеќедневна перцептивна настава* со ученици од III и IV ение од други средини со посета на објекти од непосредната околина. фаза може да се реализира од учебна 2005/2006 година, се разбира ку се изнајдат финансиски средства (Министерство за образование и разни донатори и сл.) за адаптација на горниот спрат од училиштето оби за спиење и можност за прием на 80-100 ученици; и

- ***Трета Фаза***: *Училиште за* реализирање на *редовна настава* на ,ите од Цапарскиот простор од I до VIII одделение, но паралелно *и како* **ште за реализирање на редовна настава во природа - училиште і камп за талентирани ученици, училиште за учење во природа одмор и рекреација, училиште за учење и практицирање на іството, градинарството, овоштарството и селскиот туризам, или**

***училиште за ученици*** *со посебни потреби и сл.* Оваа фаза може да се реализира по неколку години и доколку се изврши соодветна адаптација на горниот спрат и поткровјето на училиштето, како и доградба на уште еден спрат над административниот дел и други интервенции, со што би се добиле 40-50 соби. На тој начин во училиштето покрај редовната настава би се одвивала и настава за уште 200 други ученици. (Напомена: Училиштето ОУ "Трајан Белев" - Цапари е димензионирано за капацитет од 350 ученици). Последната фаза може да се реализира доколку Министерстовото за образование и наука финансиски го реализира проектот *училиште за специфични потреби*.. Финансиската конструкција може да биде помогната и со одредени владини и невладини домашни и странски донации на фондации, здруженија и слично.

Земајќи ги предвид бројот на ученици, состојбата со опременоста, просторните и материјално-техничките услови, природно-географското опкружување, комуникациските услови, бројот на наставниот и административно-техничкиот кадар, како и моменталната финансиска состојба останатите три училишта: ОУ "Мирче Ацев" од Бач, ОУ "Даме Груев" од Смилево и ОУ "Димитар Влахов" од Љубојно, во зависност од интересот и финансиската способност на финансиерот - Министерството за образование и наука, предлагам да се трансформираат според следниот редослед на предлози:

- *Училиштето ОУ "Даме Груев" од Смилево* покрај *училиште за редовна настава од I до VIII одделение*, може да се развива и како училиште кое дополнително ќе се грижи за музејот, музејската поставка и споменицитe во селото и ќе ги негуваа историските, етничките, културните и фолклорните традиции на селото. Односно ова *училиште* би било *од типот на специфични воспитно-образовни и етнокултурни училишта* со задача додатно да изведува услуги за перцептивна настава и да води грижа за историското и културното наследство на селото и регионот пошироко. Ова училиште има можности во дел од него да се изврши одредена адаптација со соби за спиење пришто може да се развива и како училиште ***мал детски камп за престој на талентирани ученици, училиште за учење и практицирање на историските и етнокултурните вредности, училиште за учење и практицирање на сточарството, шумарството и селскиот екотуризам, училиште за ученици со посебни потреби или да биде училиште за учење преку одмор и рекреација.***

- *Училиштето ОУ "Мирче Ацев" од Бач* покрај училиште за *редавна настава од I до VIII одделение*, може да се развива и како училиште кое дополнително ќе се грижи за негување на историските, етничките, културните и фолклорните традиции на селото и на околните села во пограничниот простор на Пелагонија. Ова училиште може да се трансформира и да се развива како посебно и специфично училиште кое покрај воспитно-образовната дејност би се грижело и за дополнителна обука не само на децата од руралната туку и од урбаната средина *за учење и практицирање на земјоделските дејности*. ОУ "Мирче Ацев" од Бач мора да егзистира како правен субјект и од причина што се **наоѓа во тесно погранично подрачје, што значи станува**

**за специфично** *погранично училиште* **кое мора да постои со цел да не до целосен егзодус на малдото, фертилно и работоспособно ление од пограничното подрачје. И кај ова училиште можни се ни адаптации и доградби со соби за спиење со цел да се претвори о училиште за** *перцептивна настава во природа, но и училишта за ци кои имаат афинитети кон земјоделството, како и училиште за тирани ученици, за ученици со посебни потреби итн.*

- *Училиштето ОУ "Славејко Арсов" од Љубојно* покрај *училиште за ча настава од I до VIII одделение*, може да се развива и како училиште полнително ќе се грижи за негување на историските, етничките, рните и фолклорните традиции на селото и на Преспа во целина. И ова ште мора да егзистира како правен субјект и од причина што се наоѓа во погранично подрачје, што значи станува збор за специфично *погранично ите* кое мора да егзистира со цел да не дојде до целосен егзодус на нието од пограничното подрачје. Доколку во ова училиште се изврши на адаптација со соби за ноќевање и проширување би можело да се ри во специфично *училиште детски капм за перцептивна настава, учење, и рекреација.* Ова училиште има можности преку одредена адаптација за спиење да се развива и како *училиште детски камп за учење, престој, и рекреација, училиште за талентирани ученици, или училиште за ци со посебни потреби, училиште за учење и практицирање на рстовот како земјоделска гранка, шумарството и селскиот туризам итн.*

Опишување на дел од критериумите, параметрите и зафатите околу ормирањето на наведените училишта ги презентирам преку примерот "Трајан Белев" - Цапари, кое и детално го истражував и за почеток ја агам првата фаза за трансформација на ова основно училиште и како но училиште за реализирање на еднодневна настава во училиште со на објекти од непосредната околина наменета за ученици од III и IV ние од градска средина, или пократко кажано училиште за перцептивна а.

Преку овој текст сакам да ја запознаат пошироката педагошка јавност те лични ставови и размислувања за престојната реорганизација на тата со под 10 паралелки и да понудам конкретни решенија за мал училиштата. Истовремено ценам дека има доволно простор идејата нува и дополнува. Сметам, дека преку имплементација на нови форми жини во воспитно-образовна работа, се создаваат можности за уирано образование не само на руралните деца, туку и на урбаните проблеми што значат непосредно учење и практицирање. Овој вид та само преку еднодневниот престој на деца од друга средина во от април-мај и септември-октомври можеби ќе иницира извесно пазарно рање и локалното населението во селото, кое пак од своја страна ќе и до функционално и популациско продолжување на животот во овие ри и во иднина. Сепак, основна интенција е кај засегнатите субјекти да цира рационалното кое мора да почива врз понуда на адекватни одлуки атамошно опстојување, а не укинување на наведените основни училишта равни субјекти.

## *2. Поим и значење на училиштата за реализирање на разни видови воспитно-образовна настава со користење на објекти од непосредната и природната средина*[3/]

Во стручната педагошка литература под поимот настава во природа се подразбира организирање и реализирање на воспитно-образовната работа на определено место или локалитет во природа. Педагошката теорија и практика ја истакнува потребата училиштата, особено од градските средини, во зависност од можностите и барањата на наставните планови и програми, одредени наставни содржини да ги реализираат надвор од училиштето, односно во еднодневен или повеќедневен престој во природа (на планина, езеро, море, бања, покрај река, во шума итн.) или во општествена средина (рурална населба, индустриски и друг стопански објект, културно-историски споменик и слично). Практично потврдена е констатацијата дека на учениците преку наставата во природа или престој во одредена општествена средина непосредно им се овозможува да се запознаат со предметите, објектите и појавите во природната и животната средина. Во училишни услови потешко се реализира непосредниот начин на стекнување знаења, токму поради тоа неопходна е потребата на директно-непосредно набљудување, вршење на обиди, експерименти, мерења и слично во објектите присутни во непосредната околина и природната средина. Кај учениците еднодневната настава во селско училиште со посета на објекти од непосредната и автентична средина нуди директен и изворен начин на восприемање на знаења кои иницираат зголемена мотивација за создавање на потрајни знаења, формирање и развивање на навики и вештини со поголема практична применливост и функционалност кои се во функција на проширување, систематизирање, практично применување и утврдување на стекнатите знаења од повеќе наставни предмети.

Во педагошката литература досега не е познат поимот училиште за перцептивна настава на објекти од природната средина или училиште за перцептивна настава на објекти од непосредната околина. Овој тип на УЧИЛИШТЕ ЗА ПЕРЦЕПТИВНАНАСТАВА[4/] секако дека е дел од семејството на училишта во природа.

Можеби не е адекватен терминот ***отворено училиште за еднодневна перцептивна настава на објекти од природната средина или отворено училиште за еднодневна перцептивна настава на објекти од непосредната околина,*** меѓутоа, е адаптибилен за учениците од урбаните средини кои доаѓаат на еднодневна настава во рурални училишта кои ги имаат речиси сите услови за нормално одвивање на редовна настава, а освен тоа даваат

[3/] Во понатамошната елаборација правиме пресек само на типот на училиште за т.н перцептивна настава во природа и можните комбинации околу овој тип училишта. Третираната варијанта на перцептивно училиште се однесуваат само за ОУ "Трајан Белев" - Цапари. Во текстот кои следи не ги обработуваме останатите типови на училишта во природа како што се: училиште во природа за талентирани ученици, училиште во природа за ученици со посебни потреби, училиште во природа детски камп за учење, одмор и рекреација, училиште за учење и практицирање на земјоделски активности и слично.

ости наставата да се изведува на отворено во селото и природното ување. Тоа значи дека преку перцепирање на одредени објекти, процеси и присутни во непосредната околина, учениците ги утврдуваат ите знаења и преку практични функционални методи на споредување, ање, мерење и слично, при што се здобиваат со нови продлабочени ја, вештини и навики. Тоа значи, дека кај учениците активно се вклучени ни цели и активности за развивање на знаења, ставови и способности тивното, афективното и психомоторното подрачје.

**Конкретно, на селското основно училиште "Трајан Белев" од , овој вид на нова додатна воспитно-образовна улога дава ти учениците да се стекнат со збогатени воспитно-образовни цели редена социјализација, хуманизација со други ученици, како и од ки, етички, естетски, физички, здравствени и други аспекти.**

### *3. Цели и задачи на училиштето за реализирање еднодневна настава со посета на објетки од непосредната околина*

**Овој вид настава нуди како теоретска така и практична ментација на** *ОТВОРЕНО УЧИЛИШТЕ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЧЕВНА НАСТАВА СО ПОСЕТА НА ОБЈЕТКИ ОД НЕПОСРЕДНАТА НА* **кое е дел од посебната типолошка групата на** училишта во **или на училишта на чист воздух, со намера да иницира и додатна на селските училишта кои имаат услови и можности за ирање настава од ваков тип во Република Македонија. Овој вид дневна настава пред се има карактер на ПЕРЦЕПТИВНА НАСТАВА лучува визуелна, сознајна, акустична, моторичка и други форми но изучување на непосредната околина.**

**Основна** цел **на училиштето за еднодневна настава со посета на од непосредната околина е утврдување, проширување, ање на нови знаења, навики и вештини со практична примена на од повеќе наставни предмети (се** ***мисли на реализирање на дел авните содржини на предметите од наставниот план и програм V одделение*****) и тоа преку еднодневен престој со реализирање на и часови во селско училиште и преку перцепирање на објекти средната околина.**

**Отвореното училиште за еднодневна настава во рурална средина та на објетки од непосредната околина би било најпогодно за ите од III и IV одделение од градските средини на кои ќе им се ки еден до два дена (без ноќевање) во есенскиот или пролетниот од годината да престојуваат надвор од градот во селска и а средина. Во таква средина учениците прво преку организирана о-образовна работа во училница ќе обработат одредени наставни ни, а потоа преку ученички излет, прошетка по селото, посета на и слично, знаењата здобиени во училишни услови споредбено, дно на терен и на лице место перцептивно ќе ги продлабочат и при тоа развивајќи одредени навики и вештини.**

Овој вид настава позитивно ќе влијае врз психофизичкиот развој на учениците од педагошки, здравствен и социјален аспект. Имено, ***педагошкиот аспект*** се потпира врз утврдените воспитно-образовни цели и задачи на воспитанието и образованието на учениците. Тука во преден план би биле: запознавањето на автентичната рурална и природна средина, нејзините природни законитости, условите во кои живеат и работаат луѓето, видовите на различни средини град-село-природа, запознавање со крајот и со природните убавини, со населението, со историјата, обичаите, културно-историските споменици, разните стопански и други објекти во средината, негување на љубов кон родниот крај и патриотизмот, почитување на работните навики и видовите занимања, развивање на другарство и пријателство, самостојниот и колективниот начин на живот, развој на културно-хигиенските навики и свесната дисциплина, развивање на навики за забележување, љубопитност, систематизирање, утврдување, и примена на стекнатите знаења во практиката, развивање научен поглед на светот, на природата и општеството, создавање навики за разни видови планирање на слободното време итн.

Од ***здравствен аспект*** оправдано е постоењето на овој вид училишта, пред се поради надморската височина од над 1000 метри (пример: ОУ "Трајан Белев" - Цапари, ОУ "Даме Груев" - Смилево) која мошне позитивно влијае за подобрување на крвната слика, чистиот воздух, пријатното расположение, чувството за слободна игра, подвижност и воопшто врз прихофизичкиот развој на децата од урбаните средини.

***Социолошкиот аспект*** на овој вид училиште најдобро ќе се остварува преку заедничкиот престој на учениците од градот во селското училиште, нивното другарување, комуникацијата и запознавањето со учениците и другите жители од селото, престојот во населбата, посетата на објекти, ученичкиот излет низ селото, природната средина и слично. Овие активности се доволни аргументи за создавање реални услови и практички можности во развивањето и негувањето на чувството и навиките за колективен живот и работа, создавање на позитивна атмосфера во одделението, организирана работа, разбивање на социолошките разлики на населението од градот и селото, навредите, фрустрациите, негување и почитување на селото како важен сегмент во опстојувањето на стопанството и државата во целина итн.

За да може да се планира работата на едно вакво училиште од т.н. перцептивен карактер со еднодневен визитинг престој во училиште и посета на објекти од непосредното опкружување мора да се прецизираат општите и

---

[4] ПЕРЦЕПЦИЈА = лат. перцептио = забележува, забележување, на сите оние душевни процеси кои се непосредно предизвикани од сетилата за вид, слух, мирис и допир. ПЕРЦЕПЦИОНАЛИЗАМ (лат. перцептио = забележува) фил. Учење кое кажува дека целокупното мислење и знаење доаѓа од перцепциите, односно од непосредното забележување на сетилата. Можеме да го употребиме и терминот училиште за АПЕРЦЕПТИВНА НАСТАВА ВО ПРИРОДА или ВО НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА. АПЕРЦЕПЦИЈА = лат. ад-перципере = запазува, запазување, согледува, јасно сфаќа; јасно ја сфаќа содржината на една претстава и ја става на прво место во свеста.

е задачи на овој вид настава. Во основа задачите на овој вид училиште јуваат од воспитните, образовните и функционалните задачи на о училиште, имплементирани преку повеќето нивоа на различни цели јости од когнитивното (сознајно), афективното (емоционално) и орното (моторичко) подрачје.

елите од **когнитивното подрачје** го опфаќа развојот на менталните вештини на учениците. Ова подрачје опфаќа препознавање на разни факти, постапки, модели, концепти кои се во функција на издигнување ектуалните способности и вештини кај учениците. Во **афективното е** главните цели припаѓаат на формирањето на личниот и алниот однос кон појавите и објектите што ја опкружуваат личноста-. Ова подразбира емотивно вклучување на ученикот преку чувствата, гите, почитувањето, ентузијазмот, мотивацијата и однесувањето. **оторното подрачје** го вклучува развојот на физичките движења, ацијата и употребата на моториката кај ученикот. Ова подрачје ира развивање на моторички вештини и способности кај учениците.

оконкретно целите од сознајното, емоционалното и мороричкото содржат широк спектар на воспитно-образовни и функционални арактеристични за овој вид училишта. Во оваа прилика ќе наеведеме обем на стекнување знаења, навики, вештини и способности за сите предмети за III и IV одделение. Особено место од *сознајното подрачје* наењата за промените на природата според годишното време, а за растителниот и животинскиот свет, за домашните животни, за и работата на луѓето во селската средина, за природната и вената средина, за минатото и сегашноста на крајот, за лоцираноста штето, за фолклорот, обичаите, говорот на локалното население, за на живот, исхрана и хигиена на нивните врсници во училиштето и га средина и сл.

д ***емоционлното подрачје*** учениците ќе го продлабочат, прошират, и развијат меѓусебното другарство и соработка, ќе воспостават блиски дноси меѓу луѓето, без разлика на возраст, пол, национална, расна и ипадност, ќе развијат работни и културно-хигиенски навики, позитивен он трудот, поделбата на трудот и видовите занимања, ќе развијат ост за правилно комуницирање со други луѓе, со ученик-ученик, ученик-ик, ќе развијат патриотски чувства и лубов кон татковината и ајната средина, ќе формираат навики за организирање на работното и ото време, ќе развијат етички и естетски чувства за убавото, позитивен-и однос кон природата и нејзините убавини за чување на природата, ите реткости, материјалните и духовните богатства - културно-ите споменици, воспитување во духот на негување и почитување на и народните традици на руралното население, развивање на научен а светот, природата и општеството итн.

)д ***моторичкото подрачје*** доминантни вештини, навики и способности развивање на способност за забележување, набљудување, рање, воочување на меѓусебните врски и односи на предметите и э во природната и општествената средина, потоа развивање на вештнини, навики и способности за ориентација и снаоѓање во просторот и времето, користење на скици, планови, топографски и географски карти, користење на компас, способност за стекнување вештини и навики за активен престој во природа и организирање на слободното време, способност за стекнување вештини и навики за идентификација на одредени природни облици, појави, процеси, видови објекти, занимања, животни, растенија, типови населби итн.

Посебните задачи на овој вид училиште секако дека се надоврзуваат на општите со дополнување дека самиот престој на учениците во училиштето и селото мора да биде збогатен со посебни задачи. Имено, тоа би биле развивање на другарство и пријателство со учениците домаќини, со наставниците и месното население, запознавање со училиштето, селото и природната средина, градење на позитивен однос кон сите субјекти и средината во целина, потоа добивање знаења за училиштето, за селото, за појавите, процесите, објектите, населбите, знаења за минатото и сегашноста, знаења за начинот на животот на своите врсници и жителите во селото и регионот, знаења за одредени обичаи, традиции, специфичности, стекнување на вештини за ориентација и наоѓање на посетениот простор во географската карта на Република Македонија, способност за ликовно и литературно претставување на просторот, изработка на макета итн.

Глобално гледано целта на идеите што ги нудиме презентира реални можности ОУ "Трајан Белев" - Цапари (се разбира и другите споменати училишта) да покрај редовната воспитно-образовна настава која се реализира во училиштето, да дава и други форми на воспитно-образовни услуги на други училишта, првенствено на училишта од градските средини, и тоа во реализирање на еднодневна комбинирана настава од два дела. Воспитно-образовен дел со настава во училница и воспитно-образовно-рекреативен дел со посета на објекти од непосредната околина на Цапари. Поконкретно, првиот воспитно-образовен дел од наставата би се реализирал во училиштето со следење во училница на редовна настава од 2 наставни часа, а вториот воспитно-образовно-рекреативен дел би се реализирал преку перцептивен ученички излет во самото село со посета на објекти во руралната средина или природното опкружување, и тоа во време од 2-3 наставни часа. Всушност станува збор за комбиниран начин на изведување на воспитно-образовниот процес во амбиентална рурална средина на релација настава во селско училиште и перцептивна настава преку ученички излет во амбинетална рурална и природна средина. Тоа значи воспоставување на воспитно-образовна тријада со правец на движење училиште - село - природа или фигуративно речено учи - перцепирај - учи, односно учење со помош на забележување - перцепирање.

### *4. Краток опис на основните нормативи, критериуми и услови на училиштата за реализација на еднодневна воспитно-образовна работа со посета на објетки од непосредната околина преку примерот на ОУ "Трајан Белев" - Цапари*

Во овој дел фрагментарно ги изнесуваме основните услови, нормативи и критериуми што мораат да ги исполнат руралните основни училишта кои

іците октомври и април. Меѓутоа, доколку има зголемен интерес и доколку іенските услови дозволат, како термини за изведување на ваков вид ава би биле од 20 септември до 1 ноември и од 20 март до 15 мај.

Наставата би се реализирала во договор помеѓу ОУ "Трајан Белев" - іри и градско училиште кое ќе пројави интерес за ваков вид настава. прво ОУ "Трајан Белев" - Цапари пред почетокот на учебната година **до градски училишта на Битола ќе испрати соодветна информација и оден проспект.** Во тој материјал ќе биде опишан начинот на реализрање іноднevната настава со посета на објетки во непосредната околина на ри. Училиштето кое пројавило интерес уште во почетокот на учебната іа треба во Годишната програма да испланира временска динамика за ізирање на ваквиот вид настава. Наставниците од одделенска настава оите планирања ќе треба да ја внесат динамиката на реализација на овој астава, организациона програма на застапеност на наставните предмети ржини кои на ваков непосреден начин ќе бидат реализирани, како и одот на оперативното реализирање на овој вид настава. Исто така, кага ближи периодот на реализација на овој вид настава училиштето-есент ќе треба благовремено да ги информира родителите на учениците рминот на реализација, целите и ефектите од овој вид перцептивна ва.

За подобро следење на маршутата и запознавање со училиштето и орот во кој учениците заедно со своите наставници ќе престојуваат времено ќе им се подели пропагандно-воспитно-образовен текстуално-ративен материјал. За таа цел ОУ "Трајан Белев" - Цапари ќе изработи етен пропаганден и воспитно-образовен материјал во вид на текстуален стративен информатор, проспек и неколку неми карти на теренот (со н простор во кој учениците треба да ги внесат имињата на планините, е, езерото, населбите, историските споменици и сл.), анкетен лист за гите од овој вид настава и друго.

## ЗАКЛУЧОК

Земајќи ги предвид сите сегменти изнесени во овој стручен труд, преку обидовме пошироко да елаборираме неколку видови на трансформација ални основни училишта на кои им прети згаснување како правни субјекти тавуваат разни прашања адресирани кон надлежните органи. Имено, со вање на вакви типови училишта и настава се создаваат рационални услови ности за максимално користење на работното време на вработените лица лиштата, користење на слободниот училишен простор, користење на ите од средината и околниот простор и рационално користење на условите лизирање на разни видови едукативно-перцептивна настава

За стартување на целиот пакет или само на едно училиште преку примерот лиштето во Цапари, како пилот проект на модел отворено училиште за евна настава во природа со посета на објетки во непосредната околина, гински и практична смисла може да се реализира, доколу Министерството зование и наука е расположено практично да стартува имплементацијата зи специфични *УЧИЛИШТА ВО ПРИРОДА* лоцирани во автентична природа пна средина.

### *КОРИСТЕНА И КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА*


1. ИЛИЈА ЛЕШКОВСКИ, Настава во природа - анализа - упатство - норматив. Министерство за образование и физичка култура, Педагошки завод на Македонија Скопје, 1994 година;
2. ВЛАДИМИР БОШЕВСКИ и ЈУЛИЈА ДИМИТРОВА, Некои согледувања за организација на наставата во природа. Просветно дело, Год.XXXV, бр. 3-4, Скопје, 1981 година;
3. Васпитно-образовна функција сколских екскурзија. Секција просветних листова република и покрајина Југославије, Београд, 1977 год. (објавени реферати од педагошкото Советување одржано во Дубровник, 18. и 19. 11. 1976 г. );
4. БОЖИДАР АМПОВ, Ученички екскурзии, воспитно-образовно значење, организирање и изведување, Студенски збор, Скопје, 1985 год.
5. ВЛАДЕТА ТЕШИЌ, Васпитно-образовна функција школских екскурзија. Београд, 1977 год.
6. ВИЛОЕТА АРНАУДОВА, БОЈАНА НАЦЕВА, ЈАДРАНКА РАДЕВСКА и ВЕСНА ДАМЧЕВСКА-ИЛИЕВСКА, Приоди кон визуелно размислување. Прирачник за ментори, Биро за развој на образованието, Скопје, 2000 година;
7. ПЕДАГОШКИ ЛЕКСИКОН. Београд, 1996 годинe;
8. МИЛАН ВУЈАКЛИЈА, Лексикон страних речи и израза, Београд, 1980 год.;
9. ЉУБО МИЌУНОВИЌ, Современи лексикон на странски зборови и изрази. Скопје, 1995 година;
10. НИКОЛА В. ДИМИТРОВ и ЃОРЃИ ДИМИТРОВСКИ, Педесет години настава на македонски јазик во Цапари и Цапарско. ДНУБ, Битола, 1995 год;
11. Годишна програма за работа и полугодишен извештај на ОУ "Трајан Белев"

- Цапари за учебна 2003/2004 год., и други материјали од училишната документација.